IBO IB DIPLOMA PROGRAMME
PROGRAMME DU DIPLÔME DU BI
PROGRAMA DEL DIPLOMA DEL BI

M03/167/S(1)

**MACEDONIAN A1 – STANDARD LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A1 – NIVEAU MOYEN – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL MEDIO – PRUEBA 1**

Monday 19 May 2003 (morning)
Lundi 19 mai 2003 (matin)
Lunes 19 de mayo de 2003 (mañana)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only. It is not compulsory for you to respond directly to the guiding questions provided. However, you may use them if you wish.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- Ne pas ouvrir cette épreuve avant d'y être autorisé.
- Rédiger un commentaire sur un seul des passages. Le commentaire ne doit pas nécessairement répondre aux questions d'orientation fournies. Vous pouvez toutefois les utiliser si vous le désirez.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento. No es obligatorio responder directamente a las preguntas que se ofrecen a modo de guía. Sin embargo, puede usarlas si lo desea.

Коментирајте ЕДЕН од следниве:

1.(a) "Дојди во Охрид"

Во мугрите кога ги растури исток
по небето темно златистите зракои,
штом сонцето тргне проблеснато, чисто
по пресните следи на ноќта и мракот;
езерните далги во утринен блесок
го гушкаат милно крајбрежниот песок,
-тогаш дојди в Охрид.

Кипарисот висок, дабјето крај патот
со ветерот кога ќе запеат песна,
низ полето кога се лулее злато,
Дрим разлутен бега од врбите ресни;
Галичица кога рој приказни реди
и мирот со тајност почне да го следи.
-тогаш дојди в Охрид.

Темнината кога плашт кадифен фрли
и избега денот зад вршките снежни;
штом зативне ѕвонот од блиските трла
а врз сводот темен ѕвездената мрежа,
се распне, и светот в сон потоне длабок,
сал негде е слушно шумолење слабо,
-тогаш дојди в Охрид.

Во тихата вечер, притаена, мирна,
штом месецот тргне по сводот да шета
и некаде таму в недогледот ширен
саканата ѕвезда тој, среќен ја сретне,
во одблесок чуден езерото сјае
а околу светот е занемен, трае,
-тогаш дојди в Охрид.

од Гане Тодоровски, Коложег, 1981

Дискутирајте го стилот на песната.

Коментирајте го значењето на фразата: "Кога Галичица рој приказни реди...".

Коментирајте го значењето на насловот- "Дојди в Охрид".

## 1.(b) Извадок од "Смртта на лисицата"

Патувавме низ ноќта, грабавме кон Охрид. Јас и не брзав. Јас сакав да бидам на пат, вечно да ја менувам местоположбата, да се судирам со луѓе. Дури и ако не се толку пријатни како цајканот пред малку.

Ја навалив главата на седиштето, бев вслушан во песната што одамна ја бев посакувал, и гледав во небото над нас. Ете, бевме тука некаде, ние тројца, и го нарушувавме редот на настаните, како кога ѕвезда ќе се измести од своето место. Одеднаш, нешто надвор тропна и возачот застана. Се вкопа в место. Се сврте кон нас.

- Удрив у нешто - рече.

- Во што? - праша Луна.

- Не знам... Нешто ко зајак... шо да праам?!

- Чекај овде - реков јас, и излегов надвор. Тој го исклучи моторот. Понекогаш, исплашениот човек прави навистина непотребни работи.

Беше постудено од Кичево. Бевме на отворен пат.

Се вратив десетина чекори назад и ја видов. Лежеше таму, како да спие... Ѝ пријдов, клекнав над неа, ги ставив прстите на нејзиниот врат. Имав видено дека така ги проверуваат луѓето. На филм.

Беше топла. Ништо не се движеше под моите прсти. Беше мртва. Убиена на место.

- Дојди овде - му реков.

Тој го врати автомобилот наназад и излезе.

- Лисица - рече кога пријде.

- Убава е - реков јас - дури и ваква.

По асфалтот почна да тече крв. Од нејзината глава.

- Шо ќе праиме сеа? - рече тој и си ја почеша главата. Секогаш го прават тоа.

- Отвори го гепекот.

Послуша.

- Јас ќе ја ставам , ионака сум малку крвав...

Тој ја погледна, потоа погледна во мене, јас му намигнав и ја спуштив внатре. Полека, нежно.

Како да беше жива, сè уште. Чудна е човечката сомилост.

- Ќе ја земеш со тебе, коа ќе стигнеме? - праша.

- Не. Што ќе ми ја?!

- А ја? Шо да ѝ праам?!

- Носи ја на крзнар и однеси ѝ лисица на жена ти.

Тој се насмеа.

- Фала - рече.

- Нема зошто. Ти ја уби. Дај ми некоја вода да се замијам.

Ми потураше и јас ја миев крвта на лисицата од моите дланки.

- Сега ќе одиме, само да се измочам...

- Океј - рече тој и влезе во автомобилот.

извадок од расказот од Јован Дамјановски, од Тајна одаја, 2000.

Коментирајте го начинот на кој авторот ја претставува смртта на лисицата.

Дискутирајте ја вознемиреноста на ликовите поради смртта.

Коментирајте го раскажувачкиот стил на извадокот.